***ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ***

**ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ИНТЕРЕС**
**СТРУЧНА ЕКСПЕРТИЗА ВО РАЗВОЈ НА ВРАБОТУВАЊЕТО НА ЛОКАЛНО НИВО**

## ВОВЕД И ИСТОРИЈАТ

Во повеќе извештаи за напредокот од Европската комисија се укажува на потребата за натамошен развој на социјалниот дијалог меѓу главните актери во економијата. Во оваа насока, Меѓународната организација на трудот и помага на земјата во нејзините напори за унапредување на социјалниот дијалог како суштински елемент на Европскиот социјален модел, што ги промовира конкурентноста, споделувањето на користите и зајакнувањето на економскиот просперитет и социјалната добросостојба. Оваа помош е канализирана преку проектот *Зајакнување на социјалниот дијалог*, што се финансира од Европската унија и се спроведува од Меѓународната организација на трудот.

Општата цел на проектот *Зајакнување на социјалниот дијалог* е да се подобри социјалниот дијалог како средство за создавање повеќе и подобри работни места. Проектот се состои од три посебни компоненти, поточно:

| | |
|---|---|
| Посебна цел 1 | Зајакнато учество на ЕСС во обликувањето на националната програма за економски и социјални реформи |
| Посебна цел 2 | Зголемено учество на локалните ЕСС во формулирањето и спроведувањето на локалните политики за вработување |
| Посебна цел 3 | Зголемена ефективност на синдикатите и организациите на работодавачите |

Република Северна Македонија се соочува со сложени предизвици на пазарот на трудот, особено во однос на ниското учество на младите луѓе во работната сила (32,8 проценти; 23,4 проценти за младите жени), во комбинација со висока невработеност кај младите луѓе (46,7 проценти; 48,6 проценти за младите жени).

Во 2017 година, стапката на вработеност во Северна Македонија изнесуваше 50,5 проценти, највисока стапка забележана по 2006 година, но сепак далеку од просечната стапка во ЕУ (71 проценти) или целната стапка од 75 проценти што е утврдена во стратегијата Европа 2020 (тековната агенда на ЕУ за раст и работни места). Кај мажите постои поголема веројатност за вработување (60,5 проценти) во споредба со жените (40,3 проценти).

Еден од пристапите што може да помогнат да се идентификуваат решенија за специфичните предизвици на пазарот на труд во Северна Македонија се Локалните партнерства за вработување (ЛПВ), што се користеа и во Европската Унија кон крајот на 1990-ти години и во раните 2000-ти години, како и неодамна во земјите од Западен Балкан.

ЛПВ работат со луѓе и организации (вклучувајќи го приватниот сектор) на локално ниво на идентификувањето адекватни решенија за предизвиците на локалниот пазар на труд. Во Северна Македонија, локалните Економско-социјални совети (ЛЕСС) служат како платформи за договарање

на овие партнерства и за нивното спроведување. Како резултат на сеопфатен процес на оценување и селекција, врз основа на Повик за изразување интерес, шест општини со функционални ЛЕСС беа избрани за втората фаза на развојот на ЛПВ, имено **БИТОЛА, КУМАНОВО, СКОПЈЕ, СТРУМИЦА, ТЕТОВО и ВЕЛЕС.**

Процесот за осмислување и спроведување на ЛПВ бара територијална дијагностика, што ги комбинира податоците и институционалните информации со дијалогот со заедницата.

**Повик за изразување интерес во рамките на Компонента 2:**

**Зголемено учество на локалните ЕСС во формулирањето и спроведувањето на локалните политики за вработување**

Овој повик за изразување интерес е наменет за ***наоѓање четири потенцијални консултанти*** со искуство во областа на економијата, правото и индустриските односи, кои ќе бидат заинтересирани за извршување на задачите што се детално опишани во табелата долу во четири од следниве општини: ***Битола, Куманово, Скопје, Струмица, Тетово и Велес.***

| Активност | Детални податоци за задачата | Временска рамка |
|---|---|---|
| 2.3.3 Територијална дијагностика и формулирање четири Локални пактови за вработување | Целта на активноста е да се обезбеди поддршка за партнерите во Локалните пактови за вработување во однос на територијалната дијагностика и формулирањето локални планови за вработување.<br>Задачите на консултантите ќе го опфаќаат следново:<br>• Анализа на потенцијалот на територииите (од гледна точка на економска способност; човечки капитал; и институционална поставеност) за креирање и/или формализирање работни места;<br>• Идентификување потенцијални активности што би можеле да го олеснат креирањето работни места и преминот на лицата од ранливите категории во достоинствено и одржливо вработување, надоврзувајќи се на услугите од ЛПВ;<br>• Поттикнување на засегнатите страни да соработуваат во духот на локалното партнерство за да ги надминат предизвиците за креирањето работни места и за остварување на потенцијалот;<br>• Промовирање постојан дијалог меѓу засегнатите страни од различните сектори за целите на обезбедување одржливи решенија што функционираат во локалниот контекст каде што се спроведува проектот.<br>***Крајни продукти:***<br>- Консултантот обезбедува извештај за територијална дијагностика за соодветната општина | октомври - декември 2019 г. |

This Project is funded by the European Union | Проектот е финансиран од Европската Унија

**ЗАБЕЛЕШКА: Ќе бидат ангажирани само четири консултанти, во зависност од исходот на процесот за селекција на ЛПВ.**

**Пријавување од страна на надворешни соработници**

Консултантите што се заинтересирани со соработка со ИПА/МОТ проектот за *Зајакнување на социјалниот дијалог* во горенаведената област на експертиза се замолуваат да ги поднесат своите изрази на интерес најдоцна **до 4 октомври 2019 година** преку електронска пошта на следниве адреси simjanoska@ilo.org; kalenzis@ilo.org и jovanovska@ilo.org.

**Барања:**

- Најмалку 5 години искуство во соодветната област на експертиза;
- Универзитетска диплома;
- Добро познавање на англискиот јазик и познавање на стручната терминологија;
- Силни аналитички вештини и практично искуство во работа од сличен вид;
- Способност за управување со текот на информациите и почитување на роковите и обврските;
- Сметка во банка што е соодветна за прием на средства од странство.

***Предност ќе добијат кандидатите што живеат во 6 целни општини.***

***Индивидуалните соработници треба да го поднесат следново:***

- Кратка биографија и доказ за постојано живеалиште

- Список со референци што покажува дека го поседуваат соодветното стручно знаење и искуство за учество во наведените проектни активности

Во согласност со проектните правила на МОТ, експертите не може да бидат државни службеници. МОТ го задржува правото да прифати или одбие која било пријава. Изборот на кандидатите ќе биде извршен во согласност со проектните процедури на МОТ.

***Ќе бидат контактирани само кандидатите што ќе влезат во потесен избор.***

Избраните кандидати ќе добијат проектна задача со детални барања и описи на задачите и ќе потпишат договор за надворешни соработници со МОТ за конкретната задача и со конкретно времетраење. Ова во никој случај не претставува постојано вработување од МОТ или какви било изгледи за тоа.

This Project is funded by the European Union | Проектот е финансиран од Европската Унија